Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 319/0306
13.08 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 7 август 2019 година, врз основа на примена жалба од Здружението ХОПС – Опции за здрав живот - Скопје, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет - порталот Инфомакс, со текстот насловен „Зависници ја нападнаа екипата на Инфомакс – Тензии кај Центарот за зависници во Кисела Вода“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 7.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 16 јули 2019 година, Здружението ХОПС – Опции за здрав живот – Скопје, поднесе жалба за текстот со наслов „(Видео) Тензии кај Центарот за зависници: Екипа на „Инфомакс“ нападната од зависници од дрога кај Центарот за зависници“, објавен на 17 јуни 2019 година, на Интернет – порталот Инфомакс (www.infomax.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, дискриминација, неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, навреда и клевета.

Подносителот на жалбата посочува дека медиумот објавил неточни и непроверени информации, дека станува збор за претпоставки, истакнувајќи дека револтираните граѓани стравуваат за својата безбедност, без да се провери другата страна на информацијата. Од Здружението ХОПС – Опции за здрав живот сметаат дека Интернет – порталот Инфомакс со објавените фотографии и видео - снимка ја нарушил приватноста на лицата кои се прикажани на нив, без да добијат согласност од нив. Сметаат дека на тој начин медиумот ја открил здравствената состојба на тие луѓе, односно нивните медицински лични податоци.

*„Ваквото постапување несомнено содржи елементи на поттикнување дискриминација и ширење говор на омраза спрема лицата кои употребуваат дроги, поттикнува насилство и создава поддржувачка околина на оние кои имаат дискриминирачки однос спрема лицата кои употребуваат дроги“*, се вели во поднесената жалба на здружението.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата стапи во контакт со Интернет – порталот Инфомакс и побара медиумот да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот одговори на наводите на жалителот.

Главниот и одговорен уредник на Инфомакс, Александар Митовски, вели дека во ниту еден момент не бил користен дискриминаторски однос кон лицата зависници, туку, напротив, дека текстот е афирмативен, со кој се апелира за подобрување на условите на лицата зависници од наркотични дроги.

*„Дополнително, нашиот репортер, како што може да се види на снимката беше нападнат од еден од лицата кои се лекуваат во Центарот за зависници во Кисела Вода, и тоа е јасно воочливо. Со тоа е нарушена медиумската слобода, како и правото на*

*слободно јавно информирање. Воедно, спречен е новинар да ја изврши својата професионална задача“*, посочува Митовски во одговорот на жалбата.

Од Инфомакс, меѓу другото, додаваат дека поради поднесената жалба од ХОПС – Опции за здрав живот, тие како медиум ќе поднесат тужба против ова Здружение и пријава во МВР поради поттикнување насилство против новинари.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 7.

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 7 август 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека содржината на текстот произлегува од јавниот интерес и во најголем дел не отстапува од професионалните и етичките стандарди, но дека медиумот морал да внимава на чувствителноста на темата, во случајов, да ја заштити приватноста на корисниците на дроги, кои се тема во новинарскиот производ. Членовите на Комисијата констатираа дека Интернет – порталот Инфомакс, објавил видео - снимка од протест на група граѓани пред Центарот за зависности во Кисела Вода, чиј фокус повеќе е ставен на прикажувањето на корисниците на дроги, отколку на граѓаните кои протестираат.

Информациите за сексуалната определба, здравствената состојба, национална или етничка припадност не смеат да бидат објавени без дозвола, освен доколку постои недвосмислен јавен интерес тоа да биде направено. Ова јасно е пропишано и во членот 6 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на лични податоци, во кој се вели дека обработката на личните податоци може да се врши по претходно добиена согласност на субјектот на лични податоци.

Комисијата, при одлучувањето, го зеде предвид и чл.2 ст.1. т.1 од Законот за заштита на личните податоци и констатира дека во овој случај, во согласност со самата дефиниција пропишана во членот, од фотографијата и видеото лесно може да се утврди личниот профил, односно идентитетот на лицата на фотографијата и на снимката врз основа на нивната физиономија.

Во овој контекст, Комисијата се согласи дека личниот живот на ранливите категории граѓани, кои не се ниту избрани, ниту именувани функционери, ниту политички личности, не може да се смета за јавен интерес за да преовладува над приватниот интерес, кој е заштитен со чл.4-а од Законот за заштита на личните податоци.

Според горенаведеното, Комисијата за жалби најде дека Интернет – порталот Инфомакс го прекршил **членот 7** од Кодексот на новинарите, во кој се вели:

***„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост“.***

Информации за приватниот живот на одредена личност можат да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание врз јавниот интерес. Во такви ситуации, треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можело да загрози и некоја друга личност. Новинарот не смее заради атрактивноста на текстот/прилогот да поттикнува неосновани стравови или надежи кај соговорниците, или да манипулира со нивните емоции. Никогаш не треба да се злоупотребуваат емоциите или чувствата на луѓето, нивното незнаење или неспособноста за расудување.

Во однос на написите на Инфомакс дека била нападната нивна новинарска екипа додека била на работна задача, Советот за етика го осудува таквиот инцидент. Безбедноста на новинарите мора да биде ослободена од какви било закани и притисоци, а државата, во согласност со член 10 од Европската конвенција за човекови права, е одговорна за преземање на сите активни мерки, со цел да се создаде и одржува поволна клима за слобода на изразување. Потсетуваме дека ваквата одговорност произлегува и од препораките на Комитетот на министри на Советот на Европа околу заштитата на новинарството и безбедноста на новинарите и другите медиумски актери.

* * *

**Комисијата при одлучувањето го зеде предвид и:**

* **Членот 25 од Уставот**, во кој се вели дека на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

* **Чл.2 ст.1 т.1 од Законот за заштита на личните податоци**, во кој се вели дека „личен податок“ е секоја информација, која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице, чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* **Пресудата на Европскиот суд за човекови права Von Hannover v. Germany, 2004, § 60**., каде во правењето разлика меѓу дебата од јавен интерес и заштита на приватниот живот, Судот го предвиде следново:

„Судот смета дека треба да се направи сериозна разлика меѓу објавувањето факти – дури и контроверзни – што можат да придонесат за дебатата во едно демократско општество, а се однесуваат, на пример, на политичарите во извршувањето на нивните функции и на објавувањето детали за приватниот живот на некое лице, кое што, уште повеќе, дурни не ни извршува официјална функција“.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Инфомакс“ (www.infomax.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595